**Уп. бр. 08-58/2026**

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16, 83/18 и „Службен весник на „Република Северна Македонија“ 208/24 и 16/25), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од Турк Хава Јолари Аноним Ортаклиги, Зграда на општа администрација, нас. Јешилкој, ул. Хаваалани бр. 3/1 34149 Бакирќој, Истанбул, Турција, и Глобалија Корпорасион Емпресаријал С.А. Царретера Аренал-Ллуцмајор км. 21,5, Полигоно Сон Ногуера07620 Мајорка, Шпанија, доставено преку Филип Зафировски, адвокат од Скопје, на седницата одржана на ден 22.04.2026 година, го донесе следното:

## Р Е Ш Е Н И Е

1.Се утврдува дека концентрацијата со која Турк Хава Јолари Аноним Ортаклиги, Зграда на општа администрација, нас. Јешилкој, ул. Хаваалани бр. 3/1 34149 Бакирќој, Истанбул, Турција, и Глобалија Корпорасион Емпресаријал С.А. Царретера Аренал-Ллуцмајор км. 21,5, Полигоно Сон Ногуера07620 Мајорка, Шпанија ќе стекнат заеднички контрола над Ер Еуропа Холдинг С.Л. Царретера Аренал-Ллуцмајор км. 21,5, Полигоно Сон Ногуера 07620 Мајорка, Шпанија, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

2.Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/1184/12, 192/15, 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/21) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

## О б р а з л о ж е н и е

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), 17.03.2026 година, а дополнето на 07.04.2026 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата), беше доставено известување за концентрација од страна на Турк Хава Јолари Аноним Ортаклиги, Зграда на општа администрација, нас. Јешилкој, ул. Хаваалани бр. 3/1 34149 Бакирќој, Истанбул, Турција, и Глобалија Корпорасион Емпресаријал С.А. Царретера Аренал-Ллуцмајор км. 21,5, Полигоно Сон Ногуера07620 Мајорка, Шпанија, со која Турк Хава Јолари Аноним Ортаклиги и Глобалија Корпорасион Емпресаријал С.А., ќе стекнат заеднички контрола над Ер Еуропа Холдинг С.Л. Царретера Аренал-Ллуцмајор

км. 21,5, Полигоно Сон Ногуера 07620 Мајорка, Шпанија, и индиректно, во неговите зависни друштва во целосна сопственост Ер Еуропа Линеас Аереас С.А., Ер Еуропа Сума Мајлс С.Л.У., Аеронова С.Л.У., Леон Активос Аеронаутикос С.Л.У., и Глобалија Активос Инмобилијариос С.А.У., по пат на купопродажба на удели.

Во моментов, Ер Еуропа Холдинг С.Л. е единствено контролирано од Глобалија Корпорасион Емпресаријал С.А, што е крајно контролирано од JJX Кепитал енд Асет Менаџмент, С.Л. (*JJH Capital & Asset Management, S.L.*)

По Трансакцијата, Ер Еуропа Холдинг С.Л. ќе биде заеднички контролирано од Турк Хава Јолари Аноним Ортаклиги и Глобалија Корпорасион Емпресаријал С.А, додека Интернешенл Консолидејтед Ерлајнс Групе, С.А. ќе го задржи својот неконтролен удел во Целното друштво.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, и прилозите кон истото го утврди следното:

Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:

**Турк Хава Јолари Аноним Ортаклиги** е матичното друштво на Групацијата Туркиш Ерлајнс. Тоа е јавно котирано акционерско друштво основано во Турција и служи како национален превозник. Основано во 1933 година, Друштвото прераснало во една од водечките светски авиокомпании, обезбедувајќи редовен патнички превоз до повеќе од 130 земји од својот центар во Истанбул - еден од главните светски авијациски центри. Со возен парк од повеќе од 500 авиони со тесен и широк труп, Групација Туркиш Ерлајнс нуди услуги за превоз на патници и товар до над 350 дестинации низ целиот свет и спроведува глобални воздушни карго операции под брендот Туркиш Карго (*Turkish Cargo*) низ широка логистичка мрежа.Преку своите зависни друштва, Турк Хава Јолари Аноним Ортаклиги работи како целосно интегрирана авијациска групација која опфаќа превоз на патници, товарна логистика, технички услуги, копнени услуги, угостителство, технологија и системи за плаќање.

Турк Хава Јолари Аноним Ортаклиги е исто така член на Стар Алајанс (*Star Alliance*).

Групацијата Туркиш Ерлајнс има едно претставништво во Република Северна Македонија со назив ТУРКИШ ЕРЛАЈНС Истанбул Р. Турција – ПРЕТСТАВНИШТВО Скопје, со регистрирано седиште на Бул. Климент Охридски бр. 23, Скопје.

Во Република Северна Македонија, Групацијата Туркиш Ерлајнс врши активности за воздушен превоз на патници и товар, со редовни и чартер летови до и од Меѓународниот аеродром во Скопско и Аеродромот Св. Апостол Павле во Охрид од и до Турција и, само индиректно, до другите меѓународни дестинации.

**Глобалија Корпорасион Емпресаријал С.А.** е шпанска туристичка групација која првенствено е активна во услуги за воздушен превоз на патници и товар, поврзани помошни активности, копнени услуги, одржување, поправка и ремонт и услуги за управување со хотели.

Глобалија Корпорасион Емпресаријал С.А. нема зависни друштва, филијали или претставништва основани во Република Северна Македонија и не создава промет во Република Северна Македонија.

**Ер Еуропа Холдинг С.Л.**, е шпанска авијациска групација која првенствено управува со меѓународни и домашни редовни воздушни услуги за превоз на патници и товар. Тој, исто така, обезбедува и сродни помошни и секундарни услуги, како што се управување со чартер летови, изнајмување авиони со екипаж, одржување и осигурување (анг. *wet leasing*) и одржување на линии.

Ер Еуропа Холдинг С.Л., не е присутна во Република Северна Македонија и не создава промет во Република Северна Македонија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.
Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

Упатство за правно средство:
Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**М-р. Малинка Силјановска Николиќ**